# ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ НА МИНИСТЕРКАТА ЗА ОДБРАНА СЛАВЈАНКА ПЕТРОВСКА НА ОТВОРАЊЕТО НА СРЕДБАТА НА ГАМИНГЕР ИНИЦИЈАТИВАТА

Задоволство ми е што можам да го отворам пролетниот состанок на ГАМИНГЕР иницијативата кој го организира Организацијата на резервни офицери како полноправна членка на оваа значајна Иницијатива која ги вмрежува офицерите во резерва од десет европски земји, вклучувајќи ја и Северна Македонија.

Безбедносниот систем е комплексен и вклучува навистина широка лепеза на чинители, а резервните офицери се навистина важен и неодвоив дел од овој систем. Министерството за одбрана отсекогаш било партнер и поддржувач на активностите на Организацијата на резервни офицери и ние сме горди што оваа Организација од 2017-тата година е и полноправна членка на средноевропската Иницијатива.

На одбележувањето на 70-годишнината од основањето на Организацијата на резервни офицери минатата година реков дека таа е пример за модерно дејствување и промотор на евроатлантските вредности и современото разбирање за улогата во општеството. Токму фактот дека оваа Организација се развива и одблиску соработува со здруженијата на офицери во резерва од Европа е доказ за местото и улогата на ОРОРМ во македонското општество.

Денеска имате навистина интензивна агенда и исклучително важни прашања на кои треба да разговарате. Реалноста на нашиот континент, колевката на човековата цивилизација за жал се соочува со конвенционална војна, нешто што беше незамисливо пред нешто повеќе од една година. Токму оваа нова безбедносна реалност побарува сите ние, чинителите во безбедносната сфера да бидеме јасни во осудата на воената агресија на една земја врз друга независна и суверена земја, да бидеме гласни во повикот да прекинат човечките страдања и потребата да надвладее разумот. Европа, слободна, безбедна и во мир е единствената солуција која е прифатлива и затоа сите ние, низ вакви или слични формати мораме да разговараме и отворено дека во 21-от век нема место за воени дејствија на стариот континент.

Мораме да разговараме и за потребата да ја зацврстиме колективната одбрана во Алијансата зашто безбедноста на секој еден граѓанин и секоја педа сојузничка територија е наш императив.

На агендата се разговори и за новиот статут на ГАМИНГЕР иницијативата кои треба да резултираат со нејзино прераснување од средноевропска во европска иницијатива на резервни офицери и јас немам сомнеж дека токму во периодот кога зборуваме за потребата од зацврстување на безбедноста во Европа, секој од вас да даде личен придонес во развојот на оваа важна Иницијатива.

Ви посакувам успешен и плоден состанок денеска и во следните неколку денови.